лабораторија avicena

ПЗУ АВИЦЕНА ЛАБОРАТОРИЈА
СПЕЦИЈАЛИСТИЧКА ДИЈАГНОСТИЧКА ЛАБОРАТОРИЈА
Бул. 8 Септември бр.2, Лок.1, 1000 Скопје, Р. Македонија
тел: 02/3179 001, 075 211 406; факс: 02/3177 130
e-mail: lab@avicenalab.com.mk; www.avicenalab.com.mk

# SHBG (sex-hormon binding globulin)

| | |
|---|---|
| **За тестот:** | Тест за одредување на нивото на SHBG во крвта, за утврдување на причината за неплодност, намалениот сексуален нагон или еректилната дисфункција кај мажите и дијагноза и следење на жени со симптоми или знаци на андроген вишок. |
| **Примерок:** | Венска или капиларна крв. |
| **Подготовка пред земање на примерок:** | За повеќето лабораториски испитувања на крвта неопходна е припрема која подразбира земање на примерок ( на празен стомак ) наутро, 12 часа од последниот оброк. Ова е неопходно затоа што консумацијата на храна во периодот пред земањето на крвта доведува до пораст на концентрацијата на глукоза, холестерол, липиди, протеини, железо и други метаболити.<br><br>За да се добијат веродостојни резултати, во договор со лекарот, вадењето на крвта треба да се врши после прекин со терапијата и wash out периодот ( времето неопходно целиот лек да се исфрли од организмот и реално се одредат нови базални вредности ) – ова особено се однесува на терапија со железо, витамински препарати, хормонска терапија и др. |
| **Забелешка:** | Секс хормон - врзувачкиот глобулин (SHBG) или секс стероид - врзувачкиот глобулин (SSBG) е гликопротеин кој се врзува со половите хормони, андрогените и естрогените. Така биорасположивоста на половите хормони е под влијание на нивото на SHBG. Се произведува главно во црниот дроб и се ослободува во крвотокот. Нивоата на SHBG се намалуваат од андрогени, анаболни стероиди, полицистичен оваријален синдром, хипотироидизам, дијабетес, Кушингов синдром и акромегалија. Нивоата на SHBG се зголемуваат со естрогенски (орални контрацептиви), бременост, хипертироидизам, цироза на црниот дроб, анорексија и одредени лекови. |

* неакредитирани